**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2423/**

# З А П И С Н И К

**Од 277.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 15.04.2025 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим,Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** **/** |

Седницата започна во 15.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија предложи измена во денвниот ред.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предлогот и едногласно го усвои.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 276.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Барање на Синдикалната организација при МРТ со бр.03-2223/1 од 08.04.2025 година.

3. Разгледување на Барање од ССНМ со бр.03-2371/1 од 11.04.2025 година.

4. Разно.

бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 276.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 276.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 276.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 276.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Барање на Синдикалната организација при МРТ со бр.03-2223/1 од 08.04.2025 година.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита пред присутните Барањето на Синдикалната организација при МРТ со бр.03-2223/1 од 08.04.2025 година.

После расправата по оваа точка беше предложен следниов **Заклучок:**
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на ЈРП МРТ да испреговара со Синдикалната организација при МРТ, и доколку постојат услови да договорат и усогласат измени и дополнувања на Колективниот договор на ЈРП МРТ, во согласност со промената на минимална плата во државата.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување на Барање од ССНМ со бр.03-2371/1 од 11.04.2025 година.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита пред присутните Барањето од ССНМ со бр.03-2371/1 од 11.04.2025 година.
По расправата по ова Барање беше констатирано дека Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац стои на располагање на претставниците на ССНМ за одржување на заедничка средба.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка беше разгледан допис пристигнат по пошта до Програмскиот совет на МРТ:
-Одлука за избор на програма со бр.02-1984/1 од 28.03.2025 г.,

Седницата заврши во 16.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател